СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 19 јуни 1987
Скопје
Број 25 Год. XLIII

Претплатата за 1987 година изнесува 12.000 динари. Овој број чини 200 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

496.

Врз основа на член 3, став 2 од Законот за привремена забрана на располагањето со општествени средства за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1987 година („Службен весник на СРМ“ бр. 17/87), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КОРИСНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА И ИЗНОСОТ НА СРЕДСТВА ШТО МОЖАТ ДА ГО КОРИСТАТ ЗА НЕСТОПАНСКИ И НЕПРОИЗВОДСТВЕНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО 1987 ГОДИНА

1. Во Одлуката за утврдување на одделни корисници на општествени средства и износот на средства што можат да го користат за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1987 година („Службен весник на СРМ“. бр. 21/87), во точка 1 се вршат следниве измени:

— во делот „Образование“ точката 50 се брише, а во точка 66 износот „50.000.000“ се заменува со износот „80.000.000“;

— во делот „Култура и информации“, во точка 8 износот „300.000.000“ се заменува со износот „612.000.000“ и во ставката „Вкупно“ износот „583.000.000“ се заменува со износот „895.000.000“;

— во делот „финансиски организации“, точката 8 се менува и гласи:

„8. Поштенска штедилница во СР Македонија 200.000.000“ и во ставката „Вкупно“ износот „728.000.000“ се заменува со износот „628.000.000“;

— во делот „општествено-политички заедници и други корисници на општествени средства“, точката 3 се брише, а точките 4 до 11 стануваат точки од 3 до 10 и во ставката „Вкупно“ износот „2.242.000.000“ се заменува со износот „2.030.000.000“.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 13-1299/1
15 јуни 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски**, с. р.

497.

Врз основа на член 19 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“, бр. 64/84, 43/86 и 71/86) и член 6 од Законот за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ“, бр. 10/85), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАЛОПРОДАЖНИТЕ ЦЕНИ НА УЧЕБНИЦИТЕ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО НАСОЧЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

1. Се дава согласност на Одлуката за определување малопродажни цени на учебниците за основното и средното насочено образование под бр. 02-1304 од 1. VI. 1987 година на Работната организација за издавање на учебници и наставни средства „Просветно дело“ — Скопје.

2. Цените од точка 1 на оваа одлука се однесуваат на учебниците што се утврдени со издавачката програма за учебната 1987/88 година.

3. Републичкиот секретаријат за општостопански работи и пазар ќе ја спроведе оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 23-1237/1
11 јуни 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

498.

Врз основа на член 68, став 3 од Законот за здравствената заштита на животните („Службен весник на СРМ“ бр. 30/77), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ТАКСАТА ЗА УВЕРЕНИЕТО ЗА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ И ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ВЕТЕРИНАРНО-САНИТАРНИТЕ ИНСПЕКЦИСКИ ПРЕГЛЕДИ

1. Висината на таксата за уверението за здравствена состојба на животните и висината на надоместоците за ветеринарно-санитарните инспекциски прегледи се определува според Тарифата, која е составен дел на оваа одлука.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување висината на таксата за уверението за здравствена состојба на животните и за висината на надоместоците за ветеринарно-санитарните инспекциски прегледи („Службен весник на СРМ“ бр. 9/85).

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-173/1
11 јуни 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

ТАРИФА

ЗА ВИСИНАТА НА ТАКСАТА ЗА УВЕРЕНИЕТО ЗА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ И ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ВЕТЕРИНАРНО-САНИТАРНИТЕ ИНСПЕКЦИСКИ ПРЕГЛЕДИ

I

За уверението за здравствена состојба на животните од член 21 од Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ“ бр. 43/86) — Сојузен закон, држателот на животни ја наплаќа следната такса по глава:

1.	коњ, говедо, бивол, мазга, или мула	400,00
2.	ждребе, теле, биволче од една година и магаре	200,00
3.	свиња над 30 кг. жива мера	200,00
4.	свиња под 30 кг. жива мера и прасе	80,00
5.	овца	160,00
6.	јагне	80,00
7.	живина	4,00
8.	пилиња до седумдневна возраст	1,20
9.	питоми зајаци	15,00
10.	дивеч	250,00
11.	кучиња	150,00
12.	мачки	50,00
13.	риба за 1 кг	0,70
14.	за 1 кошница пчели	40,00

За продолжување важноста на уверението за здравствена состојба на животните се плаќа 50% од предвидената такса во Тарифата за соодветниот вид животни.

За пренесување на сопственоста на уверението за здравствена состојба на животните при купопродажба се плаќа такса во висина од 100% од предвиденот износ во Тарифата за соодветниот вид животни.

II

За ветеринарно-санитарниот инспекциски преглед од член 22 од Сојузниот закон надоместок се наплатува според вредноста на пратката, а врз основа на следните проценти:

— за еднокопитари и говеда според вредноста на едно грло во пратката 0,6%
— за ждребиња, телиња и свињи според вредноста на едно грло во пратката 0,15%
— за овци, јагништа и прасишта според вредноста на едно грло во пратката 0,15%
— за живина и питоми зајаци според вредноста на една кокошка односно зајаче во пратката 0,7%
— за останатите животни според вредноста на едно грло во пратката 0,15%
— за месо и производи од месо, освен конзерви според вредноста на еден кг. во пратката 0,4%
— за дивеч според вредноста на едно грло во пратката 0,1%
— за риби според вредноста на 1 кг. во пратката 0,2%
— за ракови, школки, полжави и жаби според вредноста на 1 кг. во пратката 0,3%
— за млеко според вредноста на 1 литар во пратката 0,3%
— за производи од млеко, сладолед и сл. според вредноста на 1 кг. во пратката 0,3%
— за јајца и производи од јајца според вредноста на 1 јајце односно 1 кг. производи од јајца во пратката 0,5%
— за мед, производи од мед според вредноста на 1 кг. во пратката 0,2%
— за кожи сурови, солени и суви според вредноста на 1 кг. во пратката 0,6%
— за животински суровини и животински отпадоци според вредноста на 1 кг. во пратката 0,10%
— за семе за вештачко осеменување на животни според вредноста за 1 доза во пратката 0,5%

За денчани пратки на животни, животински производи, освен конзерви, животински суровини и животински отпадоци, како и за животни што се тераат пеш надвор од подрачјето на општината по пакување, односно по 1 грло животно надоместокот изнесува според вредноста на пратката 1,5%.

Забелешка:

Вредноста на пратките под точка II врз основа на која се пресметува надоместокот за извршен ветеринарно-санитарен инспекциски преглед се пресметува врз основа на податоците за вредноста според отпремницата за пратката, односно од фактурата, ако немало податоци во отпремницата, а за терање пеш на животни според пазарната вредност на едно грло.

За приватни корисници вредноста на пратката се пресметува според пазарната вредност на едно грло.

III

За ветеринарно-санитарниот инспекциски преглед од член 26 на Сојузниот закон се наплатува надоместокот од точка II на оваа тарифа наголемен за 50%.

IV

За ветеринарно-санитарниот инспекциски преглед од член 34 на Сојузниот закон се наплатува следниот надоместок:

А. — Преглед на животни за колење и месни производи

1. За преглед на копитари и чапункари пред колење заедно со прегледот на месото од закланите животни, според вредноста на животното 0,4%.

2. За преглед на живина и питоми зајаци пред колење со прегледот на месото од закланите животни според вредноста на животните 1,2%.

Забелешка:

За дивеч се наплатува предвиденот износ за соодветен или сличен вид домашни животни.

3. За смрзнато месо и маст во ладилници на кг. 0,50%.

Забелешка:

За преглед на смрзнатото месо и маст во ладилниците се наплатува еднаш во текот на целиот период на складирање.

4. За месни производи на кг. 1,00%.

Забелешка:

Прегледот на месните производи ги опфаќа, прегледот на суровините, контролата на процесот на изработката на месни производи и се врши на местото на производството и складирањето на месните производи, односно во магацините и продавниците, ако постои индикација за повторен постојан преглед, која се утврдува при редовниот ветеринарно-санитарен инспекциски преглед.

Б. — Преглед на млеко и јајца и нивни производи

1. Преглед и контрола на млеко.

а) за преглед, односно контрола на местото на производство или складирањето на 1 литар млеко 0,25%.

Забелешка:

Надоместокот се наплатува на местото на добивањето односно преработка на млекото.

2. Преглед и контрола на млечни производи:

За преглед односно контрола на млечни производи по 1 кг. 0,3%.

Забелешка:

Прегледот односно контролата на млечни производи се врши органолептички и со земање мостри за лабораториски преглед;

а) пред пуштањето во продажба од мандрите, бачилата, конзумните млекарници и во складовите (ладилниците);

б) на пазарите и во продавниците, ако претходно не е извршен преглед на местото на производството или складирањето;

в) ако постои индикација за повторен преглед, која се утврдува при редовниот ветеринарно-санитарен инспекциски надзор.

3. Преглед и контрола на јајца:

а) за преглед односно контрола на местото на производството или складирањето по едно јајце 0,5%

б) за преглед на пазарите и во продавниците по едно јајце 0,3%.

Забелешка:

Прегледот односно контролата се врши:

а) пред пуштањето во продажба, на местото на производството или складирањето;

б) на пазарите или во продавниците, ако претходно не е извршено контрола, односно преглед на местото на производството или складирањето; и

в) ако постои индикација за повторен преглед, која се утврдува при редовниот ветеринарно-санитарен инспекциски преглед.

4. Преглед и контрола на производи од јајца:

За преглед односно контрола на производи од јајца (меланж, јајца во прав, белка, жолчка и др.) по 1 кг. 0,3%.

Забелешка:

Ветеринарно-санитарниот инспекциски преглед односно контрола на производи од јајца се врши органолептички и со земање на мостри за лабораториски преглед на местото на производството.

В. — Преглед на риби и нивни производи:

1. За преглед односно контрола на риба по 1 кг. 0,6%.

2. За преглед односно контрола на производи од риба по 1 кг. 0,3%.

Забелешка:

Преглед односно контрола на риба и нивните производи се врши на местото на уловот, складирањето или преработката, односно во текот на продажбата ако постои индикација за повторен преглед, кој се утврдува при редовниот ветеринарно-санитарен инспекциски надзор.

3. За преглед на смрзната, солена, сушена или пушена риба во ладилници (складови) за 1 кг. 0,3%.

Забелешка:

За преглед на смрзната риба во ладилници (складови) надоместок се наплатува еднаш во текот на целиот период на чување пред изнесувањето на рибата на пазар.

Г. — Преглед на мед и семе за вештачко осеменување на животни:

1. За преглед на мед според вредноста по 1 кг. 0,3%.

2. За преглед на приготвено семе за вештачко осеменување на животни по 1 доза 0,1%.

Забелешка:

Надоместокот за ветеринарно-санитарните инспекциски прегледи од дел IV се пресметува по набавната нето вредност на животните за колење и животинските производи, односно по пазарната вредност на животните за колење и животинските производи од сопствено производство.

За ветеринарно-санитарните инспекциски прегледи од точка II, III и IV на оваа Тарифа што се вршат ноќе ако се обезбедени услови за ноќен преглед, надоместокот се зголемува за 100% а за прегледите што се извршени вон редовно работно време на општината, надоместокот се наголемува за 50%.

Како ноќен преглед се смета прегледот извршен меѓу 22 и 5 часот.

За организациите на здружен труд, што работат во две или три смени, надоместокот од точка IV под А, Б и В на оваа Тарифа не се зголемува за ветеринарно-санитарните инспекциски прегледи што се вршат во редовното работно време на општината односно ноќе.

499.

Врз основа на точка 53, став 2, потточка 2) и точка 54, став 1 од Наредбата за сметките за уплата на приходите на општествено-политичките заедници и нивните фондови, на самоуправните интересни заедници и на други самоуправни организации и заедници, за начинот на уплатување на тие приходи и за начинот на известување на корисниците на тие приходи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 19/84, 67/84, 5/85, 72/85, 23/86 и 70/86), републичкиот секретар за финансии, во согласност со Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија — Централа Скопје, издава

НАРЕДБА

ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА ПОТСМЕТКИ НА УПЛАТНИТЕ СМЕТКИ, КАКО И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЗБИРНИ СТАПКИ ЗА УПЛАТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД НА РАБОТНИЦИТЕ И ОД ДОХОДОТ

1. Обврзниците на придонесите и други обврски од личниот доход на работниците и од доходот (обврзници) ги уплатуваат придонесите на уплатните сметки определени со Наредбата за сметките за уплата на приходите на општествено-политичките заедници и нивните фондови, на самоуправните интересни заедници и на други самоуправни организации и заедници, за начинот на уплатување на тие приходи и за начинот на известување на корисниците на тие приходи (Сојузна наредба) и на потсметките на уплатните сметки пропишани со оваа наредба.

2. Придонесите од личниот доход на работниците и од доходот, на самоуправните интересни заедници од областа на насоченото образование, и научните дејности, формирани од територијата на Републиката се уплатуваат на уплатните сметки определени со Сојузната наредба и на потсметките на уплатните сметки означени во Списокот на потсметките на уплатните сметки, а според поединечните стапки искажани во прегледот бр. 1, кои се составен дел на оваа наредба.

Придонесите од личниот доход на работниците и од доходот, на републичките самоуправни интересни заедници од областа на пензиското и инвалидското осигурување, општествената заштита на децата, основното образование, социјалната заштита, здравствената заштита — за солидарното остварување на задолжителните видови на здравствена заштита на работниците и културата, се уплатуваат со еден налог за пренос на преодната сметка а според збирните стапки искажани во прегледот број 2, кој е составен дел од оваа наредба.

Даноците и другите давачки пропишани со Законот за обезбедување и насочување на средства за поттикнување на развојот на земјоделството и со Законот за обезбедување средства за намирување на дел од обврските создадени со изградбата на проектот „ФЕНИ“ — Кавадарци, се уплатуваат на потсметките на уплатните сметки означени во Списокот на потсметките на уплатните сметки.

3. Придонесите од личниот доход на работниците и од доходот на општинските самоуправни интересни заедници се уплатуваат со поединечни налози на преодните сметки по одделни општини означени во прегледите на преодните сметки бр. 3, 4 и 5, а според збирните стапки искажани во прегледите, кои се составен дел на оваа наредба.

За уплатените придонеси од став 1 на оваа точка, организациите на здружениот труд од подрачјето на град Скопје ќе ѝ достабуваат податоци на Службата на општественото книговодство на СР Македонија — Филијала 40100 — Скопје, тримесечно за висината на основиците по општини.

Во збирните стапки се опфаќаат придонесите од став 1 на оваа точка и тоа:

1) придонесите од личниот доход на работниците од:

а) стопанството за:

— основно образование,

— општествена заштита на децата,

— здравство и здравствено осигурување,
— вработување.
б) нестопанството за:
— основно образование,
— општествена заштита на децата,
— култура,
— физичка култура,
— социјална заштита,
— здравство и здравствено осигурување, и
— вработување.
2) придонесите од доходот од стопанството за:
— култура,
— физичка култура,
— социјална заштита, и
— здравствено осигурување во случај на несреќа на работа или заболување од професионална болест.

4. Збирните стапки на придонесите од личниот доход што имаат иста основица за пресметување и плаќање се утврдуваат посебно:

— кога живеалиштето на работникот и седиштето на исплатувачот на личниот доход се во иста општина, и

— кога живеалиштето на работникот и седиштето на исплатувачот на личниот доход не се во иста општина.

5. Уплатата на придонесите од личниот доход на работниците и од доходот, кои не се наведени во точките 2 и 3 на оваа наредба, се врши на сметките означени во Сојузната наредба и според поединечните стапки утврдени со посебните одлуки.

6. Обврзниците што се ослободуваат од плаќање на одделни придонеси или на кои им е зголемена односно намалена стапката за плаќање на определени придонеси, обврските ќе ги пресметуваат по поединечни стапки, а ќе ги уплатуваат со поединечни налози на сметките отворени со Сојузната наредба.

Службата на општественото книговодство може, до измената на збирните стапки утврдени со оваа наредба, да применува збирни стапки во зависност од извршените поединечни промени на стапките на придонесите на самоуправните интересни заедници.

7. Во налогот за пренос во одделот „цел на дознаката" се впишува основицата за пресметување на придонесите, збирната односно поединечната стапка (процент) и месецот за кој се уплатуваат придонесите од личниот доход односно доходот.

8. Средствата уплатени на преодните сметки од точка 3 на оваа наредба ќе ги распоредува Службата на општественото книговодство на уплатните сметки на самоуправните интересни заедници според структурата на нивното учество со стапките вклучени во збирната стапка.

Празнењето на средствата од преодните сметки се врши еден ден порано од определениот рок за празнење на уплатните сметки на корисниците на придонесите и даноците.

9. Самоуправните интересни заедници од општествените дејности, по донесувањето на одлуките за утврдување на стапките на придонесите, доставуваат по еден примерок од нив до:

— Републичкиот секретаријат за финансии;
— Службата на општественото книговодство — филијала, и
— Воено-сметководниот центар — Скопје ВП 55/73 — Скопје.

10. Со влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за пропишување на потсметки на уплатните сметки, како и за утврдување на збирни стапки за уплатување на придонесите од личниот доход на работниците и од доходот („Службен весник на СРМ", бр. 14/86 и 34/86).

11. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 10-235/1
8 јуни 1987 година
Скопје

Републички секретар за финансии,
м-р **Методија Тошевски**, с. р.

Список на потсметки на уплатни сметки:

1. 40100-840-033-11029 — Дополнителен републички данок од доходот на организациите на здружен труд, за „ФЕНИ";

2. 40100-840-033-11037 — Дополнителен републички данок од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност на обврзниците што се обложуваат со данок по вистински доход, за „ФЕНИ";

3. 40100-840-033-11045 — Дополнителен републички данок на приходи од имот, за „ФЕНИ";

4. 40100-840-033-11053 — Данок на приходи од игри на среќа, за „ФЕНИ";

5 40100-842-033-64061 — Средства за поттикнување на развојот на земјоделството;

6. Потсметка 843-31504 — Придонес од доходот за насочено образование од рударство, металургија, градежништво и градежна индустрија, хемиска и текстилна индустрија и индустрија за чевли, кожа и гума;

7. Потсметка 843-31525 — Придонес од доходот за насоченото образование од електроиндустријата, електроенергијата, металната и графичката индустрија и сообраќајот и врските;

8. Потсметка 843-31551 — Придонес од доходот за насоченото образование од земјоделството, шумарството, дрвната индустрија, индустријата на тутун и прехранбената индустрија;

9. Потсметка 843-31572 — Придонес од доходот за насочено образование од трговијата, туризмот, занаетчиството, комуналната дејност, здравството и социјалната дејност и др.

10. Потсметка 843-19415 — Придонес од личниот доход за насоченото образование од здравството и социјалната заштита и друго.

11. Потсметка 40100-843-033-3707 — Придонес од личен доход за солидарно остварување на задолжителните видови на здравствена заштита на населението во СР Македонија.

П Р Е Г Л Е Д бр. 1

Поединечни стапки на самоуправните интересни заедници од насоченото образование и научните дејности образувани за територијата на Републиката

1. Придонеси од личен доход на работниците од нестопанството	
— насочено образование	3,50%[1])
— научни дејности	0,40%
2. Придонеси од доходот од стопанството	
— насочено образование	3,50%
— научни дејности	0,60%

[1]) Стапката на придонесот од личните доходи на работниците и другите работни луѓе, а за работниците од основното и средното насочено образование и од социјалната заштита 1,75%, за работниците во организациите од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културни блага и од областа на сценско-музичките дејности 2,45%.

П Р Е Г Л Е Д бр. 2

Поединечни и збирни стапки и преодни сметки за уплата на придонесите за републичките самоуправни интересни заедници од областа на пензиското и инвалидското осигурување, општествената заштита на децата, основното образование, социјалната заштита, здравствената заштита и културата

1. Придонеси од личен доход на работниците	Стапка	Број на преодната с-ка кај СОК
1	2	3
а) од стопанството		
— пензиско и инвалидско осигурување	16,63%	
— општествена заштита на децата	1,35%	
— основно образование	0,70%	

1	2	3
— солидарно остварување на задолжителните видови на здравствената заштита на работниците	0,16%	
Збирна стапка	18,84%	40100-844-033-8056
б) од нестопанството		
— пензиско и инвалидско осигурување	16,63%	
— општествена заштита на децата	1,35%[1]	
— основно образование	0,70%[2]	
— социјална заштита	0,07%[3]	
— солидарно остварување на задолжителните видови на здравствената заштита на работниците	0,16%	
— култура	0,20%[4]	
Збирна стапка	19,11%	40100-844-033-8061
2. Придонес од доходот од стопанството		
— социјална заштита	0,20%	
— култура	0,30%	

[1]) За организациите на здружен труд од основното образование (12011); средното насочено образование (12012); ученички и студентски домови (130212); и социјалната заштита (13022, 13023 и 13024) се утврдува пресметковна стапка во висина од 0,68%.

За организациите на здружен труд од више и високо образование (12013 и 12014) општествена заштита на децата (130211), дејноста заштита на културни блага (12032) и сценско музичките дејности (120341), се утврдува пресметковна стапка од 0,95%.

[2]) За организациите на здружен труд од основно образование (12011), средно насочено образование (12012), ученички и студентски домови (130212) и социјалната заштита (13022, 13023 и 13024), висината на придонесот се утврдува на 0,35%.

За организациите на здружен труд од општествена заштита на децата (130211), више и високо образование (12013 и 12014), дејноста заштита на културни блага (12032) и сценско музичките дејности (120341), висината на придонесот се утврдува на 0,49%.

[3]) Организациите на здружениот труд од основното, средното насочено образование, ученичките и студентските домови и од социјалната заштита ќе уплатуваат придонес во висина од 50%, а организациите од високото образование, општествената заштита на децата, организациите на здружениот труд што вршат дејности и заштита на културни блага и од областа на сценско-музичките дејности во висина од 70% од општата стапка на придонесот од личниот доход од работен однос што ја уплатуваат организациите на здружен труд и другите корисници на општествените средства.

[4]) Организациите на здружениот труд од основното, средното насочено образование, ученичките и студентските домови и од социјалната заштита ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос во висина од 50% од утврдената стапка од член 2, алинеја 2 на оваа одлука, односно 0,10%.

Организациите од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос во висина од 70% од утврдената стапка во член 2, алинеја 2 на оваа одлука односно 0,14%.

П Р Е Г Л Е Д број 3

Поединечни и збирни стапки и преодни сметки за уплата на придонесите од личните доходи кога живеалиштето на работникот и седиштето на исплатителот на личниот доход се во иста општина

а) од стопанството

	Основно образов.	Здравст. осигур.	Општес. заштита на деца	Вработување	Збирна стапка	Број на преодната сметка кај СОК
1. Берово	5,00	8,00	2,05	0,75	15,80	40410-844-011-8077
2. Битола	4,50	10,00	1,45	0,75	16,70	40300-844-002-8077
3. Брод. Мак.	4,60	8,50	1,70	0,72	15,52	40321-844-003-8077
4. Валандово	4,90	9,00	1,70	0,52	16,12	41300-833-031-8077
5. Виница Мак.	5,00	8,50	2,00	0,65	16,15	40401-844-032-8077
6. Гевгелија	8,00	8,00	—	0,30	16,30	41610-844-007-8077
7. Гостивар	6,00	8,50	1,75	0,70	16,95	41510-844-008-8077
8. Дебар	5,00	8,00	2,20	0,60	15,80	41030-844-004-8077
9. Делчево	5,00	8,00	1,50	0,65	15,15	40420-844-005-8077
10. Демир Хисар	5,50	9,25	2,15	0,85	17,75	40301-844-006-8077
11. Кавадарци	5,80	9,00	2,50	0,65	17,95	41620-844-009-8077
12. Кичево	6,00	7,50	1,50	0,70	15,70	40320-844-010-8077
13. Кочани	5,50	8,00	1,35	0,60	15,45	40400-844-011-8077
14. Кратово	5,00	7,70	1,85	0,60	15,15	40901-844-012-8077
15. Кр. Паланка	5,00	8,50	1,50	0,75	15,65	40910-844-013-8077
16. Крушево	6,50	8,50	2,00	0,75	17,75	41110-844-014-8077
17. Куманово	5,50	10,00	1,50	0,57	17,57	40900-844-015-8077
18. Неготино	5,40	8,00	2,00	0,60	16,00	41630-844-016-8077
19. Охрид	5,00	8,00	1,75	0,50	15,25	41000-844-017-8077
20. Прилеп	6,00	9,50	1,70	0,75	17,95	41100-844-018-8077
21. Пробиштип	6,50	7,50	2,17	0,75	16,92	41401-844-019-8077
22. Радовиш	5,00	8,00	1,60	0,75	15,35	41310-844-020-8077
23. Ресен	6,00	10,00	1,55	0,70	18,25	40310-844-021-8077
24. Св. Николе	5,00	8,10	1,85	0,75	15,70	41420-844-027-8077
25. Скопје[1])	4,50	8,60	1,50	0,35	14,95	40100-844-033-8077
26. Струга	5,00	7,60	1,80	0,75	15,15	41020-844-025-8077
27. Струмица	6,30	8,00	2,00	0,60	16,90	41300-844-026-8077
28. Тетово	5,00	9,50	1,10	0,50	16,10	41500-844-029-8077
29. Т. Велес	5,60	9,70	1,75	0,75	17,80	41600-844-030-8077
30. Штип	4,00	9,00	2,00	0,75	15,75	41400-844-028-8077

[1]) Стапките за Скопје, се применуваат за сите пет општини (Центар, Чаир, Гази Баба, Киселa Вода и Карпош).

б) од нестопанство

	Основно образование	Култура	Физичка култура	Социјална заштита	Здравствено осигурување
1. Берово	5,00	0,60	—	0,40	8,00
2. Битола	4,50	1,40	0,12	0,40	10,00
3. Брод Мак.	4,60	0,30	0,30	0,50	8,50
4. Валандово	4,90	0,34	0,55	0,50	9,00
5. Виница Мак.	5,00	0,45	0,30	0,60	8,50
6. Гевгелија	8,00	0,50	0,20	0,20	8,00
7. Гостивар	6,00	0,25	0,15	0,20	8,50
8. Дебар	5,00	0,70	0,40	0,35	8,00
9. Делчево	5,00	0,30	0,18	0,40	8,00
10. Демир Хисар	5,50	0,35	0,37	0,39	9,25
11. Кавадарци	5,80	2,60	0,85	1,20	9,00
12. Кичево	6,00	1,30	0,35	0,80	7,50
13. Кочани	5,50	0,30	0,30	0,25	8,00
14. Кратово	5,00	1,00	0,30	0,60	7,70
15. Крива Паланка	5,00	0,70	0,25	0,30	8,50
16. Крушево	6,50	0,50	0,50	0,50	8,50
17. Куманово	5,50	1,20	—	0,40	10,00
18. Неготино	5,40	0,30	0,60	0,60	8,00
19. Охрид	5,00	0,55	1,00	0,15	8,00
20. Прилеп	6,00	0,50	0,46	1,20	9,50
21. Пробиштип	6,50	0,28	0,45	1,00	7,50
22. Радовиш	5,00	0,20	0,20	0,32	8,00
23. Ресен	6,00	1,30	0,60	0,75	10,00
24. Св Николе	5,00	0,30	0,30	0,30	8,10
25. Скопје[1])	4,50	1,40	0,30	0,61	8,60
26. Струга	5,00	0,30	0,30	0,25	7,60
27. Струмица	6,30	0,55	0,50	0,20	8,00
28. Тетово	5,00	0,10	0,15	0,50	9,50
29. Т. Велес	5,60	0,40	0,30	0,30	9,70
30. Штип	2,00	1,80	0,50	0,80	9,00

[1]) Стапките за Скопје се применуваат за сите пет општини („Центар", „Чаир", „Гази Баба", „Кисела Вода" и „Карпош").

б) од нестопанство

1	Општествена заштита на децата 2	Вработување 3	Збирна стапка 4	Број на преодна сметка кај СОК 5
1. Берово	2,05	0,75	16,80	40410-844-001-8082
2. Битола	1,45	0,75	18,62	40300-844-002-8082
3. Брод Мак.	1,70	0,72	16,62	40321-844-003-8082
4. Валандово	1,70	0,52	17,51	41300-844-031-8082
5. Виница Мак.	2,00	0,65	17,50	40401-844-032-8082
6. Гевгелија	—	0,30	17,20	41610-844-007-8082
7. Гостивар	1,75	0,70	17,55	41510-844-008-8082
8. Дебар	2,20	0,60	17,25	41030-844-004-8082
9. Делчево	1,50	0,65	16,03	40420-844-005-8082
10. Д. Хисар	2,15	0,85	18,86	40301-844-006-8082
11. Кавадарци	2,50	0,65	22,60	41620-844-009-8082
12. Кичево	1,50	0,70	18,15	40320-844-010-8082
13. Кочани	1,35	0,60	16,30	40400-844-011-8082
14. Кратово	1,85	0,60	15,05	40901-844-012-8082
15. Кр. Паланка	1,40	0,75	16,90	40910-844-013-8082
16. Крушево	2,00	0,75	19,25	41110-844-014-8082
17. Куманово	1,50	0,57	19,17	40900-844-015-8082
18. Неготино	2,00	0,80	17,70	41630-844-016-8082
19. Охрид	1,75	0,50	16,95	41000-844-017-8082
20. Прилеп	1,70	0,75	20,11	41100-844-018-8082
21. Пробиштип	2,17	0,75	18,82[1])	41401-844-019-8082
22. Радовиш	1,60	0,75	16,07	41310-844-020-8082
23. Ресен	1,55	0,70	20,90	40310-844-021-8082
24. Св. Николе	1,85	0,75	16,60	41420-844-027-8082
25. Скопје[2])	1,50	0,35	17,26	40100-844-033-8082
26. Струга	1,80	0,75	16,00	41020-844-025-8082
27. Струмица	2,00	0,60	18,15	41000-844-026-8082
28. Тетово	1,10	0,50	16,85	41500-844-029-8082
29. Т. Велес	1,75	0,75	18,80	41600-844-030-8082
30. Штип	1,50	0,75	16,55[3])	41400-844-028-8082

[1]) Вклучена е и стапката 0,17% за техничка култура;

[2]) Стапките за Скопје се применуваат за сите пет општини (Центар, Чаир, Гази Баба, Кисела Вода и Карпош);

[3]) Вклучена е и стапка 0,20% за техничка култура.

ПРЕГЛЕД број 4

Поединечни и збирни стапки и преодни сметки за уплата на придонесите од личните доходи кога живеалиштето на работникот и седиштето на исплатителот на личниот доход не се во една општина

а) од стопанство

	Основно образование	Општествена заштита на децата	Збирна стапка	Број на преодната сметка кај СОК
1. Берово	5,00	2,05	7,05	41410-844-001-8035
2. Битола	4,50	1,45	5,95	40300-844-002-8035
3. Брод Мак.	4,60	1,70	6,30	40320-844-003-8035
4. Валандово	4,90	1,70	6,60	41300-844-031-8035
5. Виница Мак	5,00	2,00	7,00	40401-844-032-8035
6. Гевгелија	8,00	—	8,00	41610-844-007-8035
7. Гостивар	6,00	1,75	7,75	41510-844-008-8035
8. Дебар	5,00	2,20	7,20	41030-844-004-8035
9. Делчево	5,00	1,50	6,50	40420-844-005-8035
10. Д. Хисар	5,50	2,15	7,65	40301-844-006-8035
11. Кавадарци	5,80	2,50	8,30	41620-844-009-8035
12. Кичево	6,00	1,50	7,50	40320-844-010-8035
13. Кочани	5,50	1,35	6,85	40400-844-011-8035
14. Кратово	5,00	1,85	6,85	40901-844-012-8035
15. Кр. Паланка	5,00	1,40	6,40	40910-844-013-8035
16. Крушево	6,50	2,00	8,50	41110-844-014-8035
17. Куманово	5,50	1,50	7,00	40900-844-015-8035
18. Неготино	5,40	2,00	7,40	41630-844-016-8035
19. Охрид	5,00	1,75	6,75	41000-844-017-8035
20. Прилеп	6,00	1,70	7,70	41100-844-018-8035
21. Пробиштип	6,50	2,17	8,67	41401-844-019-8035
22. Радовиш	5,00	1,60	6,60	41310-844-020-8035
23. Ресен	6,00	1,55	7,55	40310-844-021-8035
24. Св. Николе	5,00	1,85	6,85	41420-844-027-8035
25. Скопје[1])	4,50	1,50	6,00	40100-844-033-8035
26. Струга	5,00	1,80	6,80	41020-844-025-8035
27. Струмица	6,30	2,00	8,30	41300-844-026-8035
28. Тетово	5,00	1,10	6,10	41500-844-029-8035
29. Т. Велес	5,60	1,75	7,35	41600-844-030-8035
30. Штип	4,00	2,00	6,00	41400-844-028-8035

[1]) Стапките за Скопје се применуваат за сите пет општини („Центар" „Чаир", „Гази Баба", „Кисела Вода" и „Карпош").

б) од нестопанство

	Основно образование	Култура	Физичка култура	Социјална заштита	Општес. заштита на дец.	Збирна стапка	Број на преодната сметка кај СОК
1. Берово	5,00	0,60	—	0,40	2,05	8,05	41410-844-001-8040
2. Битола	4,50	1,40	0,12	0,40	1,45	7,87	40300-844-002-8040
3. Брод Мак.	4,60	0,30	0,30	0,50	1,70	7,40	40321-844-003-8040
4. Валандово	4,90	0,34	0,55	0,50	1,70	7,99	41300-844-031-8040
5. Виница Мак.	5,00	0,45	0,30	060	2,00	8,35	40401-844-032-8040
6. Гевгелија	8,00	0,50	0,20	0,20	—	8,90	41610-844-007-8040
7. Гостивар	6,00	0,25	0,15	0,20	1,75	8,35	41510-844-008-8040
8. Дебар	5,00	0,70	0,40	0,35	2,20	8,65	41030-844-004-8040
9. Делчево	5,00	0,30	0,18	0,40	1,50	7,38	41420-844-005-8040
10. Д. Хисар	5,30	0,35	0,37	0,39	2,15	8,76	40301-844-006-8040
11. Кавадарци	5,80	2,60	0,85	1,20	2,50	12,95	41620-844-009-8040
12. Кичево	6,00	1,30	0,35	0,80	1,50	9,95	40320-844-010-8040
13. Кочани	5,50	0,30	0,30	0,25	1,35	7,70	40400-844-011-8040
14. Кратово	5,00	1,00	0,30	0,60	1,85	8,75	40901-844-012-8040
15. Кр. Паланка	5,00	0,70	0,25	0,30	1,40	7,65	40910-844-013-8040
16. Крушево	6,50	0,50	0,50	0,50	2,00	10,00	41110-844-014-8040
17. Куманово	5,50	1,20	—	0,40	1,50	8,60	40900-844-015-8040
18. Неготино	5,40	0,30	0,60	0,60	2,00	8,90	41630-844-016-8040
19. Охрид	5,00	0,55	1,00	0,15	1,75	8,45	41000-844-017-8040
20. Прилеп	6,00	0,50	0,46	1,20	1,70	9,86	41100-844-018-8040
21. Пробиштип	6.50	0,28	0,45	1,00	2,17	10,57[1]	41410-844-019-8040
22. Радовиш	5,00	0,20	0,20	0,32	1,60	7,32	41310-844-020-8040
23. Ресен	6,00	1,30	0,60	0,75	1,55	10,20	40310-844-021-8040
24. Св. Николе	5,00	0,30	0,30	0,30	1,85	7,75	41420-844-027-8040
25. Скопје	4,50	1,40	0,30	0,61	1,50	8,31	41100-844-033-8040
26. Струга	5,00	0,30	0,50	0,25	1,80	7,85	41020-844-025-8040
27. Струмица	6,30	0,55	0,50	0,20	2,00	9,55	41300-844-026-8040
28. Тетово	5,00	0,10	0,15	0,50	1,10	6,85	41500-844-029-8040
29. Т. Велес	5,60	0,40	0,30	0,30	1,75	8,35	41600-844-030-8040
30. Штип	2,00	1,80	0,50	0,80	1,50	6,80[2]	41400-844-028-8040

[1]) Вклучена е и стапка од 0,17% за техничка култура.

[2]) Вклучена е и стапка од 0,20% за техничка култура.

П Р Е Г Л Е Д бр. 5

Поединечни и збирни стапки и преодни сметки за уплата на придонесите од доходот

	Култура	Физичка култура	Социјална заштита	Здравствено осигурување за повреда на работа и професионално заболување	Збирна стапка	Број на преодната сметка кај СОК
1. Берово	0,60	—	0,47	0,50	1,57	40410-844-001-8009
2. Битола	1,30	1,00	0,38	0,50	3,18	40300-844-002-8009
3. Брод Мак.	0,30	0,25	0,50	0,50	1,55	40321-844-003-8009
4. Валандово	0,53	0,38	0,60	0,60	2,11	41300-844-031-8009
5. Виница Мак.	0,45	0,30	0,60	1,00	2,35	40401-844-032-8009
6. Гевгелија	0,70	0,20	0,25	0,30	1,45	41610-844-007-8009
7. Гостивар	0,33	0,18	0,38	0,45	1,34	41510-844-008-8009
8. Дебар	0,76	0,49	0,85	0,30	2,40	41030-844-004-8009
9. Делчево	0,55	0,80	0,38	0,50	2,23	40420-844-005-8009
10. Д. Хисар	0,43	0,30	0,45	0,50	1,68	40301-844-006-8009
11. Кавадарци	0,30	0,10	0,50	0,50	1,40	41620-844-009-8009
12. Кичево	0,65	0,50	0,38	0,50	2,03	40320-844-010-8009
13. Кочани	0,45	0,40	0,38	0,30	1,53	40400-844-011-8009
14. Кратово	0,90	0,10	0,60	0,50	2,10	40901-844-012-8009
15. К. Паланка	0,86	0,24	0,50	1,00	2,60	40910-844-013-8009
16. Крушево	0,50	0,50	0,50	0,50	2,00	41110-844-014-8009
17. Куманово	1,20	—	0,46	0,50	2,15	40900-844-015-8009
18. Неготино	0,60	0,50	0,50	0,60	2,30	41630-844-016-8009
19. Охрид	0,55	1,00	0,35	0,40	2,30	41000-844-017-8009
20. Прилеп	1,20	0,46	0,43	0,50	2,59	41100-844-018-8009
21. Пробиштип	0,45	0,24	0,80	0,50	2,14[1])	41401-844-019-8009
22. Радовиш	0,60	0,30	0,60	0,50	2,00	41310-844-020-8009
23. Ресен	1,30	0,12	0,60	0,30	2,32	40300-844-021-8009
24. Св. Николе	0,70	0,50	0,90	0,40	2,50	41420-844-027-8009
25. Скопје[2])	1,00	0,14	0,25	0,40	1,79	40100-844-033-8009
26. Струга	0,35	0,45	0,38	0,40	1,58	41020-844-025-8009
27. Струмица	0,68	0,60	0,50	0,60	2,38	41300-844-026-8009
28. Тетово	0,35	0,20	0,38	0,70	1,63	41500-844-029-8009
29. Т. Велес	0,55	0,49	0,43	0,30	1,77	41600-844-030-8009
30. Штип	0,70	0,40	0,15	—	1,35[3])	41400-844-028-8009

[1]) Вклучена е и стапка 0,15% за техничка култура;

[2]) Стапките за Скопје се применуваат за сите пет општини (Центар, Чаир, Гази Баба, Кисела Вода и Карпош);

[3]) Вклучена е и стапка 0,10% за техничка култура.

500.

Врз основа на член 23 став 4 од Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОВ („Службен весник на СРМ“ бр. 41/85 и 45/86), а во врска со член 4 став 1 од Правилникот за начинот и роковите за усогласување на месечните парични примања на корисниците на права според Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОВ и Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди („Службен весник на СРМ“, бр. 20/87), претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика донесува

НАРЕДБА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ОСНОВИЦАТА ОД КОЈА СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ МЕСЕЧНИТЕ ПАРИЧНИ ПРИМАЊА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО НОВ ВО 1987 ГОДИНА

1. Основицата од која се определува постојаното материјално обезбедување, исклучителното материјално обезбедување и надоместокот за помош и нега од друго лице утврдена со Наредбата за утврдување на износот на основицата од која се определуваат паричните примања на корисниците на права според Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОВ од 1 јули 1986 година („Службен весник на СРМ“ бр. 35/86) од 1 јануари 1987 година се зголемува за 47,4% и изнесува 34.300 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 08-04-2273
5 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет
за здравство и социјална политика,
Милован Шиковски, с. р.

501.

Врз основа на член 40 став 3 од Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди („Службен весник на СРМ“, бр. 41/85 и 45/86), а во врска со член 4 ст. 1 од Правилникот за начинот и роковите за усогласување на месечните парични примања на корисниците на права според Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОВ и Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди („Службен весник на СРМ“, бр. 20/87), претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика донесува

НАРЕДБА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ОСНОВИЦИТЕ ОД КОИ СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ МЕСЕЧНИТЕ ПАРИЧНИ ПРИМАЊА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ЗАШТИТА НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ВО 1987 ГОДИНА

1. Основиците од кои се определува инвалидскиот додаток, надоместокот за помош и нега од друго лице и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација, утврдени со Наредбата за утврдување на износот на основиците од кои се определуваат паричните примања на корисниците на права според Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди од 1 јули 1986 година („Службен весник на СРМ“, бр. 35/86), од 1 јануари 1987 година се зголемуваат за 47,4% и изнесуваат:

— основицата од која се определува инвалидскиот додаток за корисниците кои немаат приходи, надоместокот за помош и нега од друго лице и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација 34.300 динари
— основицата од која се определува инвалидскиот додаток за корисниците кои имаат приходи 28.880 динари

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 08-04-2273
5 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет
за здравство и социјална политика,
Милован Шиковски, с. р.

ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

183.

Врз основа на член 15 и член 19 став 3 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“, бр. 9/86) и член 5 став 2 од Самоуправната спогодба за висината на постојаната парична помош на корисниците на социјална заштита („Службен весник на СРМ“, бр. 28/79, 20/80, 19/81, 40/82, 5/83, 31/83, 4/84 и 16/84), општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита и Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Скопје, учесници во спогодувањето, склучуваат

САМОУПРАВНА СПОГОДБА

ЗА АКОНТАТИВНО УРЕДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА МИНИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ НА ОДДЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ПОСТОЈАНАТА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа спогодба учесниците во спогодувањето аконтативно ја утврдуваат висината на минималните износи на одделните видови на постојаната парична помош на корисниците на социјална заштита за 1987 година.

Член 2

Минималните износи на одделните видови на постојаната парична помош остварени во 1986 година аконтативно се зголемуваат за 35% за 1987 година и изнесуваат:

1. основната парична помош на носителот на правото 18.954 динари
2. додатокот за членот на домаќинството неспособен за работа — соживател на помошта 7.371 динари

Збирот на основната парична помош и додатокот за соживателот на помошта не може да биде поголем од 50% од износот на просечниот личен доход по вработен остварен во тековната година во Републиката.

Член 3

Учесниците во спогодувањето се согласија општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита со одлука да ја утврдат висината на одделните видови на постојаната парична помош поаѓајќи од минималните износи утврдени во член 2 на оваа спогодба, а во зависност од материјалните можности можат да ја утврдат и во повисоки износи за чие остварување обезбедуваат средства.

Член 4

Оваа спогодба е склучена на 27 мај 1987 година и влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од наредниот ден, освен одредбата на член 2 од оваа спогодба која ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 01-235/1
27 мај 1987 година
Скопје

184.

Врз основа на член 15 и 29 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“, бр. 9/86), општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита и Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Скопје, учесници во спогодувањето, склучуваат

САМОУПРАВНА СПОГОДБА
ЗА АКОНТАТИВНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ ЛИЦЕ ВО ДРУГО СЕМЕЈСТВО ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа спогодба учесниците во спогодувањето аконтативно ја определуваат висината на најнискиот износ на надоместокот за сместување лице — корисник на социјална заштита во друго семејство за 1987 година.

Член 2

Учесниците во спогодувањето се согласија висината на најнискиот износ на надоместокот за сместување лице — корисник на социјална заштита во друго семејство остварена во 1986 година аконтативно да се зголеми за 35% за 1987 година и да изнесува:

— за дете од предучилишна возраст	27.641 динари
— за лице со пречки во психичкиот и физичкиот развој	33.300 динари
— за останати лица	31.590 динари

Член 3

Учесниците во спогодувањето се согласија општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита со одлука да ја утврдат висината на надоместокот за сместување лице — корисник на социјална заштита во друго семејство во согласност со одредбите на оваа спогодба, а во зависност од условите на сместувањето, видот и обемот на социјалната заштита што му се обезбедува на сместеното лице и од материјалните можности да определат и поголеми износи на надоместокот од износите наведени во член 2 на оваа спогодба за чие остварување обезбедуваат средства.

Член 4

Оваа спогодба е склучена на 27 мај 1987 година и влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од наредниот ден. освен одредбите на член 2 и 3 на оваа спогодба кои се применуваат од 1 јануари 1987 година.

Бр. 01-236/1
27 мај 1987 година
Скопје

185.

Врз основа на член 586 од Законот за здружениот труд, член 15 став 2 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“, бр. 9/78) и член 5 став 4 и член 6 од Спогодбата за висината на цените на услугите на организациите на здружен труд од областа на социјалната заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 28/79, 20/80, 19/81, 5/83 и 31/83), организациите на здружен труд од областа на социјалната заштита и тоа: Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ“ — Скопје, Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ — Скопје, Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин“ — Битола, Специјалниот завод Демир Капија, Заводот за заштита и рехабилитација на деца и младинци Бања Банско — Струмица, Работната организација за заштита на деца и мајки „Мајчин дом“ — Скопје, Работната организација Детски дом „11 Октомври“ — Скопје, Домот за доенчиња и мали деца — Битола, Домот за стари лица „Киро Крстески — Платник“ — Прилеп, Домот за стари лица „Зафир Сајто“ — Куманово, Работната организација за згрижување и воспитување на деца и младинци „25 Мај“ — Скопје, Центарот за згрижување на стари и изнемоштени лица „13 Ноември“ — Скопје, Старскиот дом „Суе Рајдер“ — Битола, Центарот за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух „25 Мај“ — Скопје и Заводот за рехабилитација на деца и младинци — Скопје од една страна и ОСИЗ и РСИЗ за социјална заштита Скопје од друга страна, учесници во спогодувањето, склучуваат

С П О Г О Д Б А
ЗА АКОНТАТИВНО УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа спогодба учесниците во спогодувањето аконтативно ја утврдуваат висината на цените на услугите на организациите на здружениот труд од областа на социјалната заштита за 1987 година.

Член 2

Цените на организациите на здружениот труд од областа на социјалната заштита остварени во 1986 година аконтативно се зголемуваат за 40% за 1987 година и изнесуваат:

1. Специјален завод — Демир Капија	83.468 динари
2. Работна организација за заштита на деца и мајки „Мајчин дом“ — Скопје:	
— дете	117.205 динари
— мајка	15.400 динари
3. Работна организација Детски дом „11 Октомври“ — Скопје	68.334 динари
4. Центар за згрижување на стари и изнемоштени лица „13 Ноември“ — Скопје:	
— оддел Катланово	54.656 динари
— оддел Злокукани	54.656 динари
— оддел Геријатрија	109.060 динари
— 50% од СИЗ за социјална заштита	54.530 динари
— 50% од СИЗ за здравствена заштита	54.530 динари
5. Дом за стари „Зафир Сајто“ — Куманово:	
— двокреветна соба	57.400 динари
— трикреветна соба	53.900 динари
— геријатрија	102.200 динари*)
6. Дом за стари лица „Киро Крстески — Платник“ — Прилеп:	
— подвижни	56.000 динари
— неподвижни	58.800 динари
7. Дом за доенчиња и мали деца — Битола:	
— дете	106.122 динари
— мајка	15.400 динари
8. Старски дом „Суе Рајдер“ — Битола:	
— подвижни	54.810 динари
— неподвижни	57.400 динари

---

* во оваа цена учествува СИЗ за здравствена заштита — Куманово.

9. Работна организација за згрижување и воспитување на деца и младинци „25 Мај“ — Скопје 81.410 динари
10. Завод за заштита и рехабилитација на деца и младинци „Бања Банско“ — Струмица 104.090 динари
11. Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ“ — Скопје 57.862 динари
12. Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин“ — Битола 38.255 динари
13. Завод за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ — Скопје 39.284 динари
14. Центар за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух „25 Мај“ — Скопје 37.758 динари
15. Завод за рехабилитација на деца и младинци — Скопје 47.880 динари

Член 3

Оваа спогодба е склучена на 27 мај 1987 година, влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од наредниот ден, освен одредбата од член 2 на оваа спогодба која ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 01-237/1
27 мај 1987 година
Скопје

186.

Врз основа на член 136 од Уставот на СРМ, член 506 од Законот за здружениот труд и член 6 од Самоуправната спогодба за обезбедување материјална основа за создавање услови за вработување инвалидни лица во периодот од 1986 до 1990 година, Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, основните заедници на пензиското и инвалидското осигурување Републичката самоуправна интересна заедница за вработување и СИЗ за вработување во општините и Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита (во натамошниот текст: учесници во спогодбата), склучуваат

САМОУПРАВНА СПОГОДБА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ МАТЕРИЈАЛНА ОСНОВА ЗА СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ИНВАЛИДНИ ЛИЦА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Член 1

Со оваа спогодба учесниците во спогодбата се согласија да извршат зголемување на надоместокот за вработување по едно невработено лице за 1987 година согласно член 6 од Самоуправната спогодба за обезбедување на материјална основа за создавање на услови за вработување на инвалидни лица во периодот од 1986 до 1990 година.

Член 2

Во согласност со член 1 од оваа спогодба учесниците во спогодбата се согласија во 1987 година да учествуваат во обезбедувањето на надоместокот за вработување по едно невработено инвалидно лице пријавено во СИЗ за вработување и тоа:

1. Основните заедници на пензиското и инвалидското осигурување по еден вработен инвалид на трудот, односно дете — инвалид на осигуреник со 850.000 динари;
2. Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита по едно вработено лице со пречки во психичкиот и физичкиот развој корисник на социјална заштита или неосигурено лице по иедна основа со 850.000 динари;
3. Општинските самоуправни интересни заедници за вработување на секое вработено лице од точка 1 и 2 од овој член кое пред вработувањето е пријавено како невработено во СИЗ за вработување, најмалку во висина од 250 000 динари.

Член 3

Оваа спогодба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

01 бр. 1613/1
8 мај 1987 година
Скопје

Учесници во Спогодбата:

1. за Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија,
   Киро Зрмановски, с. р.
2. За Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита,
   Марика Карагонова, с. р.
3. за Републичката самоуправна интересна заедница за вработување,
   Николина Цветковска, с. р.

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

187.

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ број 18/83 и 4/87) и член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 4 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ВАЛОРИЗАЦИОНИТЕ КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ОД ПОРАНЕШНИТЕ ГОДИНИ НА НИВО НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ОД 1987 ГОДИНА СО ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 106 ОД ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Личните доходи остварени од 1966 до 1986 година заради утврдување на пензиската основа кога се валоризираат на ниво на личните доходи од 1987 година како последна година од работата се пресметуваат со примена на следниве валоризациони коефициенти:

Просечен нето личен доход остварен во годината	Со валоризационен коефициент
1	2
1966	11.569,10
1967	9.962,28
1968	9.085,60
1969	8.102,50
1970	6.889,99
1971	5.750,38
1972	4.812,29
1973	4.137,34
1974	3.214,24
1975	2.598,86
1976	2.294,34
1977	1.958,67
1978	1.616,65
1979	1.354,71
1980	1.115,44
1981	846,06
1982	652,64

1	2
1983	519,10
1984	378,95
1985	230,11
1986	115,00
1987	100,00

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јули 1987 година.

Бр. 02-2066/1
4 јуни 1987 година
Скопје

Претседател,
Анастас Милевски, с. р.

188.

Врз основа на член 25 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 23/82, 77/82), член 1 од Законот за измена и дополнување на Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 75/85) и член 25 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 4 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ВАЛОРИЗАЦИОНИТЕ КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ОД ПОРАНЕШНИТЕ ГОДИНИ НА НИВО НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО 1986 ГОДИНА СО ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 106 ОД ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Личните доходи остварени од 1966 до 1986 година заради утврдување на пензиската основа кога се валоризираат на ниво на личните доходи од 1986 година како последна година од работата се пресметуваат со примена на следните валоризациони коефициенти:

Година	Валоризациони коефициенти со постапна примена на член 25 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување пресметани со дел од порастот на личните доходи од 1986 година			
	25%	50,05%	75,05%	100,1%
1	2	3	4	5
1966	6284,6	7544,1	8801,0	10060,4
1967	5411,8	6496,3	7578,6	8663,1
1968	4935,5	5924,6	6911,7	7900,7
1969	4401,5	5283,6	6163,9	7045,9
1970	3742,7	4492,8	5241,3	5991,4
1971	3123,7	3749,7	4374,5	5000,5
1972	2614,1	3138,0	3660,8	4184,7
1973	2247,5	2697,9	3147,4	3597,8
1974	1746,0	2095,9	2445,1	2795,0
1975	1411,8	1694,7	1977,0	2259,9
1976	1246,4	1496,1	1745,4	1995,2
1977	1064,0	1277,2	1490,0	1703,2
1978	878,2	1054,2	1229,9	1405,9
1979	735,9	883,3	1030,5	1178,9
1980	605,9	727,3	848,5	969,9
1981	459,6	551,7	643,7	735,8
1982	354,5	425,5	496,4	567,5
1983	282,0	338,5	394,9	451,4
1984	205,9	247,1	288,3	329,6
1985	125,0	150,0	175,0	200,1
1986	100,0	100,0	100,0	100,0

Член 2

Согласно одредбите на оваа одлука ќе се донесат конечни решенија за правата на пензија за осигурениците кои правото на пензија го остварале после 1. I. 1987 година со засметан личен доход во пензиската основа од 1986 година како последна година од работата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1987 година".

Бр. 02-2061/1
4 јуни 1987 година
Скопје

Претседател,
Анастас Милевски, с. р.

189.

Врз основа на член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 33/86), а во врска со член 126 и 127 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 4 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ВИСИНАТА НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ И ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ И ЛИЦА ВОН РАБОТЕН ОДНОС

Член 1

Со оваа одлука се определува начинот на пријавување, пресметување и плаќањето на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување како и основиците што служат за утврдување на пензиската основа на одредени категории осигуреници и лица вон работен однос.

Член 2

За одредени категории на осигуреници се определува и наплатува придонес за пензиско и инвалидско осигурување и тоа:

1) за осигуреници кои во текот на траењето на работниот однос ќе заминат на стручно усовршување или специјализација;

2) за осигуреници кои за време на траењето на работниот однос се наоѓаат на неплатено отсуство до 30 дена;

3) за осигуреници кои за време на траењето на работниот однос се наоѓаат во истражен затвор до 30 дена;

4) за осигуреници кои за време на траењето на работниот однос се наоѓаат на издржување казна затвор до 30 дена.

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за осигурениците од став 1 на овој член се определува и пресметува по стапка од 14 насто од оствареniот чист личен доход од претходните три месеци колку што остварил осигурениkот пред користење на неплатеното отсуство, односно стапувањето на издржување казна затвор, односно стапувањето на стручно усовршување или специјализација.

Обврзници за уплата на придонесот за осигурениците од овој член се самоуправните организации и заедници.

Член 3

За лицата учесници на организирани младински и други работни акции, осигурени со задолжително пензиско и инвалидско осигурување за сите случаи на инвалидност и телесно оштетување, придонесот за пензиско и инвалидско осигурување изнесува 1.000 динари.

Обврзник за уплата на придонесот од став 1 на овој член е организаторот на работната акција (инвеститорот на работата).

Член 4

Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за ученици и студенти во организации од насоченото образование кога вршат практична работа, осигурени со задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на повреда на работа или професионална болест, изнесува 950 динари.

Висината на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување од став 1 на овој член се однесува и на југословенските државјани кои, согласно важечките прописи, се упатени на школување во странство како и за странските државјани кои се наоѓаат на школување во Републиката, ако државата чии државјани се тие исто така постапува со југословенските државјани, доколку со меѓународна спогодба не е поинаку определено.

Обврзници за уплата на придонесот за лицата од став 1 и 2 на овој член се организациите за насочено образование.

Член 5

За лицата кои немаат својство на осигуреник, а се осигурени само врз основа на инвалидност и телесно оштетување предизвикани со повреда на работа или професионална болест, придонесот за пензиско и инвалидско осигурување изнесува и тоа:

1) за лицата на издржување казна затвор, малолетнички затвор и на издржување на воспитни мерки во воспитно-поправен дом за време на редовна работа што ја вршат во текот на издржувањето на казната односно мерката 1 000 динари;

2) за лицата кои вршат работи врз основа на договор, во смисла на прописите за работни односи, по стапка од 4 насто од договорениот надоместок;

3) за работниците кои работат во својот дом ако остваруваат личен доход помалку од загарантираниот личен доход, по стапка од 4 насто од надоместокот според договорот за работа.

Обврзници за уплата на придонесот се:

1) казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови за лицата од точка 1 на овој член;

2) самоуправните организации и заедници за лицата од точка 2 и 3 на овој член.

Член 6

Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за лицата кои за случај на инвалидност и телесно оштетување предизвикано со повреда се задолжително пензиско и инвалидско осигурени, изнесува и тоа:

1) за лицата на организирани јавни работи од општо значење или во акции на спасување или одбрана од елементарни непогоди или несреќа — 980 динари;

2) во вршење на самоуправни, јавни и други општествени функции или граѓански должности на повик на државни и други овластени органи — 980 динари;

3) на обука или во вршење на должност во единиците на територијална одбрана, цивилна заштита и општествена самозаштита — 980 динари;

4) на професионална рехабилитација на воени и мирновремени воени инвалиди упатени на професионална рехабилитација — 980 динари;

5) во давање помош на органите за внатрешни работи во вршење на нивната службена должност — 980 динари;

6) на натпревари во физичка и техничка култура организирани од самоуправни организации и заедници, општествено-политички, спортски и други организации — 980 динари.

Обврзници за уплата на придонесот се:

1) органите, односно самоуправните организации и заедници кои ги организираат акциите за спасување и одбрана, за лицата од точка 1 на овој член;

2) органите односно самоуправните организации и заедници, за лицата од точките 2, 3, 4 и 5 на овој член;

3) организаторите на натпревари, за лицата од точка 6 на овој член.

Член 7

Придонесите определени со оваа одлука се пресметуваат и плаќаат месечно наназад.

Доколку придонесот се утврдува за време покусо од 1 месец, за секој календарски ден во соодветниот период се плаќа 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 8

За лицата за кои придонесот за пензиско и инвалидско осигурување се определува и наплатува според оваа одлука, а кои не остариле личен доход, при признавањето на правото на пензија пензиската основа се определува според Одлуката за основиците на осигурување на лицата кои не остариле личен доход по 1 јануари 1966 година, според нивната стручна подготовка.

Член 9

Пријава на осигурување за лицата и осигурениците според оваа одлука поднесуваат обврзниците за уплата на придонесот. Пријавата се поднесува до надлежната основна заедница на пензиското и инвалидското осигурување во рок од 8 дена.

Член 10

За висината на придонесот решение донесува надлежната основна заедница.

Во случаите од член 2, 3 и 4 став 1 точка 1, член 5 став 1 и член 6 став 1 од Одлуката се донесува едно решение за висината на придонесот за сите учесници, а кон решението се прилага список на учесниците подготвен и заверен од обврзникот за уплата на придонесот.

Член 11

Износите на придонесот утврдени со оваа одлука се сметаат како чист личен доход остварен во 1986 година и во почетокот на секоја наредна календарска година се усогласуваат со движењето на просечните лични доходи на сите вработени во Републиката во таа година.

До утврдувањето на конечниот процент на зголемувањето на личните доходи за тековната година придонесот определен со оваа одлука се наплатува како аконтација за тековната година.

Член 12

За лицата и осигурениците за кои не е поднесена пријава на осигурување до денот на стапувањето во сила на оваа одлука, односно пријава ќе поднесат по тој ден за изминат период, придонесот за пензиско и инвалидско осигурување се плаќа во висината на износите определени со оваа одлука.

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на основиците на осигурување, стапките и износите на придонесите за пензиското и инвалидското осигурување и начинот на пријавувањето на одредени категории осигураници и лица вон работен однос („Службен весник на СРМ“ бр. 40/81).

Член 14

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-2063/1
4 јуни 1987 година
Скопје

Претседател,
Анастас Милевски, с. р.

190.

Врз основа на член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 33/86), а во врска со член 31 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 23/82, 77/82, 75/85 и 8/87) и член 32 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 4 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НИВОАТА НА ПЕНЗИИТЕ ПРЕСМЕТАНИ ОД ПЕНЗИСКА ОСНОВА ВО КОЈА 1986 ГОДИНА Е ПОСЛЕДНА ГОДИНА ОД РАБОТАТА

Член 1

Во Одлуката за усогласување на нивоата на пензиите пресметани од пензиска основа во која 1986 година е последна година од работата („Службен весник на СРМ“ бр. 9/87), членот 1 се менува и гласи:

„Со оваа одлука нивоата на старосните, инвалидските и семејните пензии остварени во периодот од 1 јули 1986 до 31 декември 1986 година кај кои пензиската основа е утврдена со примена на коефициентите за валоризација на личните доходи од поранешните години кои влегуваат во пензиската основа спрема нивоата на личните доходи од 1985 година со нивоата на пензиите остварени од 1 јули 1983 до 30 јуни 1984 година се усогласуваат за 48,4 насто.

Пензиите остварени во периодот по 1 јануари 1987 година кај кои пензиската основа е утврдена со примена на валоризациони коефициенти за пресметување на личните доходи од поранешните години на ниво на 1986 година како последна година од работата и тоа: со засметување на 25 насто од порастот на просечните лични доходи во 1986 година се усогласуваат за 30,2 насто сметано од 1 јануари 1987 година, со засметување на 50 насто од порастот на просечните лични доходи во 1986 година се усогласуваат за 17,22 насто сметано од 1 јануари 1988 година и со засметување на 75 насто од порастот на просечните лични доходи во 1986 година се усогласуваат за 7,55 насто сметано од 1 јануари 1989 година“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-2062/1
4 јуни 1987 година
Скопје

Претседател,
Анастас Милевски, с. р.

191.

Врз основа на член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр 3/84 и 33/86), а во врска со член 31 став 1 и член 56, 57 и 143 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83), член 73 и 75 став 2 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и член 2 од Општествениот договор за усогласување на пензиите во СР Македонија, Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 4 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА АКОНТАТИВНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ СО ОСТВАРЕНИОТ ПОРАСТ НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО РЕПУБЛИКАТА ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-МАРТ 1987 ГОДИНА

Член 1

Старосните, инвалидските и семејните пензии, материјалното обезбедување на вдовица односно вдовец, паричните надоместоци за пензија остварена во странство и паричните надоместоци во врска со правото на преквалификација или доквалификација и соодветно вработување на инвалидите на трудот со преостаната работна способност се усогласуваат со 45 насто што претставува пораст на номиналните лични доходи на работниците во СРМ во периодот јануари-март 1987 година.

Пензиите и паричните надоместоци усогласени според Одлуката за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1987 година („Службен весник на СРМ“ бр. 7/87) до процентот од став 1 на овој член се усогласуваат уште за 20 насто.

Член 2

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши и на пензиите на учесниците во НОВ од пред 9 септември 1943 година определени од гарантирана пензиска основа, најнискиот износ на пензиите како и на пензиите со кои се исплатува додаток на пензијата, на износот на гарантираната пензија, најнискиот износ на пензијата односно на пензијата и додатокот на пензија определени за 1987 година според соодветните одлуки.

Член 3

Со процентот од член 1 на оваа одлука се усогласуваат и највисоките пензии остварени заклучно со 30 јуни 1987 година.

Највисоките пензии остварени по 30 јуни 1987 година се зголемуваат до износот на пензијата определена врз основа на остварените лични доходи и навршениот пензиски стаж, но најмногу до износот на највисоката пензија во 1987 година зголемена за процентот од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа на сите пензии, освен на пензиите на корисниците чија последна година од работата во смисла на член 25 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување е 1987 година, односно во чија пензиска основа се засметани целосно или делумно личните доходи односно основици на осигурување остварени во 1987 година.

Најнискиот износ на пензија и пензиите со кои се исплатува додаток на пензија се усогласуваат без оглед на последната година од која се засметани личните доходи во пензиската основа.

Член 5

Дел од усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа и на пензиите на работниците во органите на Управата надлежни за внатрешни работи и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1987 година во кои примале пензија согласно член 137 став 2 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ“ бр. 37/80).

Член 6

Како основица за определување износот на усогласувањето од член 1 на оваа одлука се зема износот на пензијата, материјалното обезбедување, односно паричниот надоместок усогласени според порастот на номиналните лични доходи во Републиката во 1986 година што на корисникот му припаѓа на 1 јануари 1987 година.

Член 7

Пензијата со додатокот на носител на „Партизанска споменица 1941“ со усогласувањето од член 1 на оваа одлука не може да го надмине износот определен според член 9 став 3 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941“.

Член 8

Усогласувањето на пензиите и паричните надоместоци според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решенија.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-2065/1
4 јуни 1987 година
Скопје

Претседател,
Анастас Милевски, с. р.

192.

Врз основа на член 106-а став 1, 2 и 3 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 23/82, 77/82, 75/85 и 8/87), член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 4 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ СПОРЕД ЧЛЕН 106-а ОД ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Пензиите на корисниците на пензија кои правото на пензија го остварile во периодот од 1 јануари 1965 до 31 декември 1986 година, ако пензиската основа им е утврдена врз основа на остварените лични доходи, се усогласуваат со порастот на личните доходи во СРМ во последната година од осигурувањето односно последната година на работата во зависност од тоа од која календарска година како последна година на осигурување односно година на работата е земен личниот доход за утврдување на пензиската основа и тоа:

Процент на пресметување на пензиите остварени до 31. 12. 1986 година по постапна примена на член 25 (106-а)

Последна година на осигурување или работа од која се земени лич. дох. во пенз. основа	1987 година: Процент на усогласув. со 25% од порастот на л. доход во послед. во однос на претпослед. година од работата	1988 година: Процент на усогласув. со 50% од порастот на л. доход во последн. во однос на претпоследн. година од работата	1989 година: Процент на усогласув. со 75% од порастот на л. доход во последн. во однос на претпоследн. година од работата	1990 година: Процент на усогласув. со 100% од порастот на л. доход во послед. во однос на претпосл. година од работата
1	2	3	4	5
1965	5,07	10,14	15,22	20,29
1966	6,12	12,26	18,39	24,52
1967	3,12	6,25	9,37	12,50
1968	1,89	3,78	5,67	7,57
1969	2,37	4,74	7,11	9,48
1970	3,40	6,80	10,20	13,60
1971	3,81	7,62	11,43	15,25
1972	3,75	7,50	11,25	15,01
1973	3,53	7,07	10,52	14,01
1974	6,20	12,38	18,56	24,74
1975	5,20	10,41	15,06	20,82
1976	2,94	5,89	8,84	11,79
1977	3,79	7,58	11,37	15,16
1978	4,66	9,32	13,98	18,64
1979	4,26	8,53	12,80	17,07
1980	4,73	9,45	14,17	18,90
1981	6,95	13,88	20,82	27,77
1982	6,48	12,95	19,43	25,90
1983	5,65	11,30	16,95	22,60
1984	5,65	11,30	16,95	22,60
1985	5,65	11,30	16,95	22,60
1986	5,65	11,30	16,95	22,60

Член 2

Во процентот за пресметување според член 1 на оваа одлука на корисниците на пензија во чија пензиска основа е засметан остварениот личен доход заклучно со 1984, 1985 година, односно на пензиите остварени до 31 декември 1986 година во чија пензиска основа се засметани личните доходи од 1986 година, во процентот за пресметување на пензиите за тие години е одбиено зголемувањето на пензиите по основа на усогласување на нивоата на пензиите остварени во одделни периоди.

Член 3

Пензиите на учесниците во НОВ пред 9. 9. 1943 година остварени во периодот од 1 јануари 1965 до 31 декември 1986 година се усогласуваат според член 1 на оваа одлука.

Член 4

Пензиите остварени пред 1 јануари 1965 година и преведени по Основниот закон за пензиското осигурување и Основниот закон за инвалидското осигурување, како и пензиите определени од пензиска основа утврдена според категоријата на работно место во периодот од 1 јануари 1965 до 31 декември 1972 година и пензиите остварени после 1 јануари 1965 година определени од пензиска основа утврдена врз основа на личните доходи остварени до 31 декември 1964 година, се зголемуваат и тоа од:

1 јануари 1987 година за 4,41 насто
1 јануари 1988 година за 8,83 насто
1 јануари 1989 година за 13,25 насто
1 јануари 1990 година за 17,66 насто

Член 5

Со процентите на усогласување од член 1 на оваа одлука се усогласуваат и пензиите на корисниците кои не остварile личен доход после 1 јануари 1973 година, односно на кои пензиската основа е определена според степенот на стручната подготовка.

Последна година од работата на корисниците од став 1 на овој член претставува годината во која е остварено правото на пензија.

Член 6

На корисниците на пензија со додаток на пензијата според член 1 на оваа одлука им се пресметува износот на пензијата и им се определува нов износ на додаток.

Член 7

На корисниците на сразмерен дел на пензијата остварена со примена на меѓународни договори за социјално осигурување се усогласува сразмерниот дел на пензијата согласно одредбите на оваа одлука.

Член 8

Најниските пензии, пензиите на учесниците во НОВ пред 9. 9. 1943 година кои се определени од гарантирана пензиска основа, исклучително признатите пензии, пензиите на носители на „Партизанска споменица 1941“ како и пензиите кои се определени од просекот и личните доходи остварени во последните 12 месеци пред стекнувањето на правото на пензија (работници во органите на управата надлежни за внатрешни работи, работници во казнено-поправни установи, воспитно поправни домови и работници во органите на управата надлежни за општонародна одбрана) не се пресметуваат спрема одредбите на оваа одлука.

На корисниците на најнизок износ на пензија и на корисниците на пензија — учесници во НОВ пред 9. 9. 1943 година определена од гарантирана пензи-

ска основа, според одредбите од чл. 1 на оваа одлука им се пресметува износот на пензијата на 1. 1. 1987 година определена според остварените лични доходи и навршениот пензиски стаж што им припаѓа на 1. 1. 1987 година доколку е поповолна од пензијата што им се исплатува.

Член 9

Основа за пресметување на пензиите според оваа одлука е износот на пензијата што на корисникот на пензијата му припаѓа на 1 јануари 1987 година.

Член 10

Пресметувањето на пензиите согласно одредбите на оваа одлука ќе го изврши Стручната служба на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија по службена должност, без донесување на решение.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-2060/1
4 јуни 1987 година
Скопје

Претседател,
Анастас Милевски, с. р.

193.

Врз основа на член 142 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84 и 33/86), а во врска со член 83 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83 и 4/87), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 4 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА ПОЛОЖБА

XXXIX — Одржување на далноводи од 110 KV и повеќе

Член 1

Во Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба во член 2 по глава XXXVIII — Кожарско-преработувачка индустрија, се додава нова глава:

XXXIX — ОДРЖУВАЊЕ НА ДАЛНОВОДИ ОД 110 KV И ПОВЕЌЕ

Член 2

Во глава XXXIX — Одржување на далноводи од 110 KV и повеќе како работни места на кои работата е особено тешка и по здравјето штетна во смисла на член 71 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување се утврдуваат работните места:

1. монтер за одржување на далноводи од 110 KV и повеќе;

2. помошен работник на монтер за одржување на далноводи од 110 KV и повеќе.

Член 3

На работниците кои работат на работните места под ред. бр. 1 од член 2 на оваа одлука стажот на осигурувањето со зголемено траење им се смета за секои 12 месеци поминати на работа како 15 месеци стаж на осигурување.

На работниците кои работат на работните места под ред. бр. 2 од член 2 на оваа одлука стажот на осигурувањето со зголемено траење им се смета за секои 12 месеци поминати на работа како 14 месеци стаж на осигурување.

Член 4

Стажот на осигурувањето што се смета со зголемено траење на работниците распоредени на работните места од член 2 на оваа одлука се смета од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, но најрано од 15. V. 1945 година.

Стажот на осигурувањето со зголемено траење пред донесувањето на Одлуката се смета со зголемено траење под услов додатниот придонес за стажот на осигурување со зголемено траење да се плати од 7. V. 1968 година.

За периодите пред 7. V. 1968 година за работните места кои се утврдени со оваа одлука како работни места со зголемен стаж на осигурување не се плаќа додатен придонес.

Член 5

Доказите дека осигуреникот врши работи и работни задачи од член 2 на оваа одлука ќе се утврдуваат врз основа на документацијата со која располага работната организација.

Член 6

Фактичката положба за работниците распоредени на работните места од член 2 на оваа одлука ќе ја утврди Комисија формирана согласно член 9 од Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-2064/1
4 јуни 1987 година
Скопје

Претседател,
Анастас Милевски, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КИЧЕВО

194.

Врз основа на член 160 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Кичево, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Кичево, на седницата на Соборот на делегатите корисници на услуги — работници и Соборот на делегатите даватели на услуги, одржана на 10 јуни 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за висината на стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците за 1987 година („Службен весник на СРМ" бр. 16/87 и 20/87), во член 1 став 1 стапката „5,5%" се заменува со стапката „7,0%".

Во алинејата 1 стапката „2,6%" се заменува со стапката „3,2%" и во алинејата 2 стапката „2,9%" се заменува со стапката „3,8%".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-2222/3
10 јуни 1987 година
Кичево

Претседател,
д-р **Петре Попоски,** с. р.

КОНКУРСИ

Врз основа на член 3 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување на изградбата на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ" бр. 22/84), РО „Битолатекс" — Битола, ООЗТ Ткаачница

објавува

ОГЛАС

за јавно наддавање заради отстапување изградба на дисперзиран погон Ткаачница II во с. Магарево — Битола

1. Предмет на отстапување е изградба на дисперзиран погон во с. Магарево — Битола, и тоа:

а) Фабричка хала во вкупна корисна површина од 720 м².

2. Отстапувањето на објектот ќе се врши под услови одредени со овој оглас, инвестиционо-техничката документација и посебните услови на инвеститорот.

3. Заинтересираните понудувачи можат да се запознаат со инвестиционо-техничката документација и посебните услови на инвеститорот во просториите на ГРО „Пелистер“ — Битола и тоа од 7—15 часот.

4. Секој понудувач може да поднесе само една понуда.

5. Рокот на поднесување на понудите трае до крајот на јуни 1987 година од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“.

6. Понудите се поднесуваат во два посебни затворени омоти, со ознака „Понуда за јавно наддавање“ и „Документација за јавно наддавање“ на адреса: РО „Битолатекс“ — Битола, ООЗТ Ткаачница.

7. Запечатениот омот мора да содржи документација која се бара со посебните услови на инвеститорот.

8. Јавното наддавање ќе се изврши во просториите на РО „Битолатекс“, а за денот и часот на одржување на јавното наддавање дополнително писмено ќе бидат известени понудувачите.

9. Нема да се земат предвид неблаговремено поднесените понуди, како и понудите кои не ги исполнуваат условите од т. 7 од овој оглас.

10 Критериуми за оцена на поволноста на понудата ќе бидат: висина на понудената цена за работите, реалност на роковите, подобноста на понудувачите и искуството на исти работи.

11. Присутните претставници на понудувачите на јавното наддавање мораат на Комисијата на инвеститорот за спроведување на јавното наддавање да ѝ предадат писмени овластувања за застапување на понудувачот пред почетокот на јавното наддавање.

12. Известување за прифаќање на понудата односно за утврдување за успешноста од јавното наддавање ќе се достави до сите понудувачи во рок од 20 дена од наддавањето.

13. Инвеститорот нуди хангар со метална конструкција 60 х 12 м. како дел од вредноста на објектот содржан во пресметковната вредност на истиот, а во согласност со проектите и инвестиционо-техничката документација. (220)

СОДРЖИНА

496. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на одделни корисници на општествени средства и износот на средствата што можат да го користат за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1987 година — — — — — — — — — — 465

497. Одлука за давање согласност на Одлуката за определување на малопродажните цени на учебниците за основно и средно насочено образование — — — — — — — 465

498. Одлука за определување висината на таксата за уверението за здравствена состојба на животните и за висината на надоместоците за ветеринарно-санитарните инспекциски прегледи — — — — — — — — 465

Тарифа за висината на таксата за уверението за здравствена состојба на животните и за висината на надоместоците за ветеринарно-санитарните инспекциски прегледи — — — — — — — — — 466

499. Наредба за пропишување на потсметки на уплатните сметки, како и за утврдување на збирни стапки за уплатување на придонесите од личниот доход на работниците и од доходот — — — — — — — — 467

500. Наредба за утврдување на износот на основицата од која се определуваат месечните парични примања на корисниците на права според Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОВ во 1987 година — — — — — — — — — — 472

501. Наредба за утврдување на износот на основиците од кои се определуваат месечните парични примања на корисниците на права според Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди во 1987 година — — — — — — — — — — 472

Општествени договори и самоуправни спогодби

183. Самоуправна спогодба за аконтативно уредување висината на минималните износи на одделните видови на постојаната парична помош за 1987 година — — — 472

184. Самоуправна спогодба за аконтативно определување висината на надоместокот за сместување лице во друго семејство за 1987 година — — — — — — — — 473

185. Спогодба за аконтативно утврдување висината на цените на услугите на организациите на здружениот труд од областа на социјалната заштита за 1987 година — — 473

186. Самоуправна спогодба за изменување на Самоуправната спогодба за обезбедување материјална основа за создавање услови за вработување инвалидни лица во периодот од 1986 до 1990 година — — — — 474

Општи акти на самоуправните интересни заедници

СКОПЈЕ

187. Одлука за валоризационите коефициенти за пресметување на личните доходи од поранешните години на ниво на личните доходи од 1987 година со примена на член 106 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување — 474

188. Одлука за валоризационите коефициенти за пресметување на личните доходи од поранешните години на ниво на личните доходи во 1986 година со примена на член 106 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување — 475

189. Одлука за висината на основиците за пресметување и плаќање на придонесите и за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување на одредени категории осигуреници и лица вон работен однос — — — — — — — 475

190. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за усогласување на нивоата на пензиите пресметани од пензиска основа во која 1986 година е последна година од работата — — — — — — — — — 477

191. Одлука за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со остварениот пораст на номиналните лични доходи во Републиката во периодот јануари-март 1987 година — — — — — 477

192. Одлука за пресметување на пензиите според член 106-а од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување — — — — — — — — 478

193. Одлука за измени и дополнување на Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба XXXIX — Одржување на далноводи од 110 KV и повеќе — — — — — — — КИЧЕВО

194. Одлука за измена на Одлуката за висината на стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците за 1987 година 479

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.